- принт од КОМЕТ системот каде е евидентиран називот на клубот за кој фудбалерот се регистрира, називот на клубот од кој се испишува и датумот на издавање на исписницата.
- принт од КОМЕТ системот за составот на екипата на ФК Еуромилк на натпреварот од 5 коло Прва МФЛ (Еуромилк-Ренова)
- изјава од ФК Еуромилк ГЛ АД Скопје бр. 03-1724 од 31.10.2013
- изјава од ОФС Гази Баба бр. 03-1756 од 04.11.2013 со прилози и тоа: пријава за регистрација, исписница, потврда за бришење од евиденција од 29.08.2013 година за фудбалерот Бујчевски издадена од ОФС Кисела Вода, известување од ФК Вардар за направена уплата за обештетување за играчот и доказ за извршена уплата.
- изјава од ОФС Кисела Вода

По разгледување на целокупната документација Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

ФК Еуромилк АД Скопје му издал исписница на фудбалерот Бујчевски Антонио со бр. 08/13 на 26.08.2013 година. По издавањето на исписницата ФК Еуромилк АД Скопје на 28.08.2013 година на натпреварот Еуромилк-Ренова кој се одиграл во рамките на 5-тото коло на Прва МФЛ во составот за својата екипа го пријавил и фудбалерот Бујчевски Антонио. Фудбалерот настапил за екипата на ФК Еуромилк АД на овој натпревар.Пријавата за регистрација на фудбалерот за ФК Вардар АД Скопје е доставена до ОФС Гази Баба на ден 30.08.2013 година од страна на Фудбалскиот клуб Вардар АД и фудбалерот Бујчевски Антонио. Врз основа на поднесената документација која се бара за таа намена согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери, Комисијата за регистрации на ОФС Гази Баба го регистрирала фудбалерот со право на настап од 30.08.2013 година. Вака направената регистрација врз основа на поднесената документација од ОФС Гази Баба е потврдена во КОМЕТ системот со право на настап од 30.08.2013 година. На 01.09.2013 година, во рамките на 6-то коло на прва МФЛ одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Металург АД од Скопје и ФК Вардар АД од Скопје. ФК Металург АД од Скопје на ден 02.09.2013 година до Комисијата за натпревари на ФФМ најавил жалба во врска со натпреварот. На седница одржана на 03.09.2013 година Комисијата за натпревари го регистрирала предметниот натпревар со постигнат резултат. ФК Металург АД поднел жалба во предвидениот рок од 72 часа на 03.09.2013 година до Комисијата за натпревари на ФФМ за немање право на настап на фудбалерот Бујчевски Антонио за екипата на ФК Вардар АД од Скопје на натпреварот ФК Металург АД– ФК Вардар АД одигран на ден 01.09.2013 година во Скопје. Истовремено ФК Металург АД поднел и приговор на регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио за ФК Вардар АД од Скопје до Комисијата за регистрации на ОФС Гази Баба. По истекот на рокот во кој првостепениот орган на ОФС Гази Баба требал да одлучи ФК Металург АД Скопје поднел жалба до второстепениот орган на ОФС Гази Баба. Надлежниот второстепен орган на ОФС Гази Баба се произнел со одлука со која ја усвоил жалбата и ја поништил регистрацијата на Бујчевски Антонио за ФК Вардар АД –Скопје. Поништувањето е направено врз основа на член 85 а во врска со член 14 став 7 и 10 од Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ при што е утврдено дека регистрацијата на фудбалерот во ОФС Гази Баба за ФК Вардар АД од 30.08.2013 е направена со исписница автоматски ставена вон сила бидејќи фудбалерот настапил за клубот кој ја издал исписницата по нејзиното издавање. Комисијата за жалби на ФФМ на 20.09.2013 година одлучила по жалбата и го регистрирала

натпреварот Металург-Вардар со службен резултат во корист на ФК Металург АД Скопје поради тоа што противничкиот клуб настапил со фудбалер за кој со конечна одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација.

По утврдување на фактичката состојба Дисциплинската комисија утврди дека Бујчевски Р.Антонио сторил прекршок по член 83 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ кога дал непотполни податоци врз основа на кои е спроведена неговата регистрација за ФК Вардар АД Скопје а биле од значење за правилно спроведување на регистрацијата. Во постапка е утврдено дека прекршокот е направен од невнимание. При одмерување на казната земено е во предвид дека во времето на сторување на прекршокот постоеле особено олеснителни околности за фудбалерот. Во периодот на вршењето на регистрацијата тој лекомислено сметал дека исписницата која му е дадена од клубот носи датум по одигрување на натпреварот од 5-тото коло во кое настапил а истовремено не бил свесен за можноста од настапување на последицата.

Дисциплинската комисија утврди дека ФК Вардар АД Скопје направил прекршок согласно член 83 став 1 од ДП на ФФМ кога несовесно без да изврши проверка на важноста на исписницата согласно член 14 став 10 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ поднел неточни податоци за регистрација на фудбалерот кои биле од значење за правилно спроведување на регистрацијата. Комисијата при одмерување на казната го зема во предвид фактот дека прекршокот е сторен од небрежност како и дека постојат особено олеснителни околности во времето на сторување на прекршокот, односно ФК Вардар АД Скопје при поднесување на документацијата за регистрација на фудбалерот се потпрел на издадената брисовница од страна на ОФС Кисела Вода за која сметал дека е достатно валиден документ кој потврдува дека фудбалерот Бујчевски може непречено да го регистрира. Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид и фактот дека со регистрирањето на натпреварот ФК Металург - ФК Вардар со службен резултат од 3:0 е исполнета и целта на казнувањето поради што може да се очекува дека во иднина нема да го повтори истиот прекршок.

Дисциплинската комисија утврди дека ФК Еуромилк АД Скопје сторил повреда на член 84 ст.1 ал.6 од ДП на ФФМ кога од небрежност ги довел во заблуда фудбалерот , ФК Вардар АД Скопје, ОФС Кисела Вода и ОФС Гази Баба бидејќи лекомислено сметал дека издавањето на исписница во преоден рок не е од значење за правилна регистрација бидејќи фудбалерот можел да се регистрира во преодниот рок и без исписница. Комисијата овој податок го зема како олеснителна околност при одмерување на казната констатирајќи дека не постоело намера да се доведат во заблуда наведените субјекти.Комисијата при одлучувањето ги имаше во предвид наводите од изјавата кои делумно ги прифати а во останатиот дел ги ценеше како неосновани од причина што истите се дадени заради одбегнување на одговорност.

Дисциплинската комисија утврди дека Комисијата за регистрации на ОФС Кисела Вода направила повреда на член 83 ст. 1 од ДП на ФФМ кога од небрежност направила прекршок со несторување ( не ја проверила важноста на исписницата) од кој настапила последица по исправноста на регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио и издала потврда за бришење на фудбалерот од евиденција. Комисијата при одмерување на казната имаше во предвид дека КОМЕТ системот преку кој надлежниот орган во ОФС Кисела Вода можел да ги провери податоците поради кои исписницата е автоматски ставена вон сила тоа не го направил поради скорешното ставање во употреба на КОМЕТ системот при што лекомислено сметал дека за истото немал привилегии.
Комисијата при одлучувањето ги имаше во предвид наводите од изјавата кои делумно ги прифати а во останатиот дел ги ценеше како неосновани од причина што истите се дадени заради одбегнување на одговорност.

Дисциплинската комисија утврди дека Комисијата за регистрации на ОФС Гази Баба направила повреда на член 83 ст. 1 од ДП на ФФМ кога од небрежност направила прекршок со несторување ( не ја проверила важноста на исписницата) од кој настапила последица по исправноста на регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио и при тоа издадената потврда за бришење на фудбалерот од евиденција ја земала како единствен доказ за валидноста на исписницата. Комисијата при одмерување на казната истотака имаше во предвид дека КОМЕТ системот преку кој надлежниот орган во ОФС Гази Баба можел да ги провери податоците поради

кои исписницата е автоматски ставена вон сила тоа не го направил поради скорешното ставање во употреба на КОМЕТ системот при што лекомислено сметал дека за истото немал привилегии. Комисијата при одлучувањето ги имаше во предвид наводите од изјавата кои делумно ги прифати а во останатиот дел ги ценеше како неосновани од причина што истите се дадени заради одбегнување на одговорност.

Од овие причини а согласно член 83 став 1 во врска со член 8 став 4 и член 3 став 6 од ДП на ФФМ Дисциплинската комисија донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 3000,00 денари за физичко лице и 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Дисциплинска комисија
Претседател,
Блерим Бесими с.р.

доставено до:
- Бујчевски Антонио
- ФК Вардар АД - Скопје
- ФК Еуромилк АД Скопје
- ОФС Кисела Вода
- ОФС Гази Баба
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-1810/1**
**Прва лига : 2013 – 2014**
Скопје : **13.11.2013 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 13.11. 2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Пелистер" – Битола се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317** **Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за напревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 15 коло од Првата лига помеѓу: Ф.К. "Пелистер" од Битола - Ф.К. "Брегалница 2008" од Штип констатира: Христов Николаи Веселинов со ИД број 114141 фудбалер на ФК "Пелистер", исклучен во 78 минута од натпреварот поради втор жолт картон-симулирање.

Доставено до :

- ФК "Пелистер" – Битола
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-1810/2**
**Скопје: 13.11.2013**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Христов Николаи Веселинов фудбалер на Ф.К. "Пелистер"од Битола врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Христов Николаи Веселинов со ИД 114141 фудбалер на Ф.К "Пелистер" –Битола се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени-куп натпревари .**
2 **Казната тече од 11.11.2013 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 15 коло на Првата лига помеѓу: Ф.К. "Пелистер" (Б) - Ф.К. "Брегалница 2008" (Ш) одигран на ден 10.11.2013 година констатира: Христов Николаи Веселинов фудбалер на ФК "Пелистер" е исклучен во 78 минута од натпреварот поради втор жолт картон-симулирање.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Пелистер" (Б)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

4

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-1810/3**
**Прва лига : 2013 – 2014**
Скопје : **13.11.2013 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 13.11. 2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Брегалница 2008" – Штип се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

**Образложение**

Комисијата за напревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 15 коло од Првата лига помеѓу: Ф.К. "Пелистер" од Битола - Ф.К. "Брегалница 2008" од Штип констатира: Стојанов Игорче со ИД број 100928 фудбалер на ФК "Брегалница 2008", исклучен во 71 минута од натпреварот поради втор жолт картон-недозволен старт.

Доставено до :

- ФК "Брегалница 2008" – Штип
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 03-1810/4
Скопје: 13.11.2013

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Стојанов Игорче фудбалер на Ф.К. "Брегалница 2008"од Штип врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.11.2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Стојанов Игорче со ИД 100928 фудбалер на Ф.К "Брегалница 2008" –Штип се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени-куп натпревари .**
2 **Казната тече од 11.11.2013 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 15 коло на Првата лига помеѓу: Ф.К. "Пелистер" (Б) - Ф.К. "Брегалница 2008" (Ш) одигран на ден 10.11.2013 година констатира: Стојанов Игорче фудбалер на ФК "Брегалница 2008" е исклучен во 71 минута од натпреварот поради втор жолт картон-недозволен старт.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Брегалница 2008" (Ш)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

5

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-1810/5**
**Втора лига : 2013 – 2014**
Скопје : **13.11.2013 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 13.11. 2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Тиверија" – Струмица се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за напревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "11 Октомври" од Прилеп - Ф.К. "Тиверија" од Струмица констатира: Марков Ѓорѓи со ИД број 101037 фудбалер на ФК "Тиверија", исклучен во 71 минута од натпреварот поради удирање на противнички фудбалер со глава.

Доставено до :

- ФК "Тиверија" – Струмица
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ
Претседател
Васко Дојчиновски с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 03-1810/6
Скопје: 13.11.2013

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Марков Ѓорѓи фудбалер на Ф.К. "Тиверија"од Струмица врз основа на член 42 став 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.11.2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Марков Ѓорѓи со ИД 101037 фудбалер на Ф.К "Тиверија" –Струмица се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 5(пет) првенствени-куп натпревари .**
2 **Казната тече од 10.11.2013 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 13 коло на Втора лига помеѓу: Ф.К. "11 Октомври" (П) - Ф.К. "Тиверија" (С) одигран на ден 9.11.2013 година констатира: Марков Ѓорѓи фудбалер на ФК "Тиверија" е исклучен во 90 минута од натпреварот поради удирање на противнички фудбалер со глава.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Тиверија" (С)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

6

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **03-1810/7**
**Втора лига : 2013 – 2014**
Скопје : **13.11.2013 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 13.11. 2013 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Миравци" – Миравци се казнува со автоматска парична казна од 50 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за напревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Миравци" од Миравци - Ф.К. "Врапчиште" од Врапчиште констатира: Петков Васил со ИД број 101161 фудбалер на ФК "Миравци", исклучен во 66 минута од натпреварот поради втор жолт картон-недозволен старт.

Доставено до :

- ФК "Миравци" – Миравци
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-1810/8**
**Скопје: 13.11.2013**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Петков Васил фудбалер на Ф.К. "Миравци"од Миравци врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Петков Васил со ИД 101161 фудбалер на Ф.К "Миравци" –Миравци се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени-куп натпревари .**
2 **Казната тече од 10.11.2013 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 13 коло на Втора лига помеѓу: Ф.К. "Миравци" (М) - Ф.К. "Врапчиште" (В) одигран на ден 9.11.2013 година констатира: Петков Васил фудбалер на ФК "Миравци" е исклучен во 66 минута од натпреварот поради втор жолт картон-недозволен старт.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Миравци" (М)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

7

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 03-1810/9**
**Скопје,13.11.2013 година**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 125 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 13.11.2013 година донесе:

# ОДЛУКА

- СЕ ПОВЕДУВА дисциплинска постапка против ФК Вардар-Скопје поради необезбеден разглас согласно член 9 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за натпреварувачката 2013-2014 година на натпреварот ФК Вардар-ФК Хоризонт Турново одигран на ден 10.11.2013 на стадионот во Охрид.
- СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Вардар (овластено лице)да достави писмена изјава во рок од 3(три) дена од денот на приемот на одлуката, во врска со овој настан.

Доставено до:
ФК Вардар-Скопје
Макфудбал
Архива на ФФМ

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-1810/10**
**Скопје: 13.11.2013**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Горан Георгиевски делегат од делегатската листа за натпревари на ФФМ согласно член 16 а во врска со член 113 и член 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Георгиевски Горан , делегат на натпреварот ФК"Тиверија"-ФК"Скопје" одигран на ден 19.10.2013 се казнува со дисциплинска мерка ОПОМЕНА.**

2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот Втора лига помеѓу: Ф.К. "Тиверија" (С) - Ф.К. "Скопје" (С) одигран на ден 19.10.2013 година констатира: Делегатот Георгиевски Горан пријавен од страна на Комисијата за натпревари на ФФМ поради несоодветно извршување на делегатска должност- дозволил на теренот да биде присутно несоодветно амбулантско возило.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Горан Георгиевски
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

8

Фудбалска Федерација на Македонија

**Број : 03-1810/11**
**Скопје: 13.11.2013 година**

Врз основа на член 121 од Дисиплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Тиверија" Струмица, за натпреварот: ФК "Тиверија" – ФК "Скопје" одигран на ден 19.10.2013 година на стадионот во Струмица во рамките на 10-то коло од втора МФЛ, согласно член 13 и член 16 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ а во врска со член 8 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачка 2013-2014 година,на седницата одржана на ден 13.11.2013 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1. Фудбалскиот клуб "Тиверија" од Струмица се казнува со парична казна од 250 (двестотини и педесет евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.**

**2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.**

**3.Казната тече од 13.11.2013 година**

**4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисиплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и доказниот матерјал,доставени за натпреварот: ФК "Тиверија" – ФК "Скопје" одигран на ден 19.10.2013 година на стадионот во Струмица во рамките на 10-то коло од втора МФЛ, констатира дека ФК "Тиверија" поради слаба организација на натпреварот-необезбедување соодветно амбулантско возило.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- ФК "Тиверија" - Струмица
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 03-1810/12
Скопје: 13.11.2013 година

Врз основа на член 121 од Дисиплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари против ФК "Корзо" Прилеп, за натпреварот: ФК "Корзо" – ФК "Тетекс" одигран на ден 26.10.2013 година на стадионот во Чаир во Скопје во рамките на 11-то коло од втора МФЛ, согласно член 3 и член 8 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ а во врска со член 8 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачка 2013-2014 година,на седницата одржана на ден 13.11.2013 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**1. Фудбалскиот клуб "Корзо" од Прилеп се казнува со парична казна од 400 (четиристотини евра) во денарска противвредност на денот на уплатата.**

**2. Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа Одлука, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.**

**3.Казната тече од 13.11.2013 година**

**4.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава на комисијата за натпревари на ФФМ, согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а врз основа на изјавите и доказниот матерјал,доставени за натпреварот: ФК "Корзо" – ФК "Тетекс" одигран на ден 26.10.2013 година на стадионот во Чаир во Скопје во рамките на 11-то коло од втора МФЛ, констатира дека ФК "Корзо" слабо го организирал натпреварот (прекин на натпреварот во траење од 6 минути,фрлање навивачки реквизити и пластични шишиња).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- ФК "Корзо" – Прилеп
- Архива-Книговодство
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

9

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03-8/ КАДЕТИ-ПРВА ЛИГА**
**Скопје: 07.11.2013**

Врз основа на член 121 од Дисциплински правилник на ФФМ ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 07.11. 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 Митревски Христијан ИД.бр. 101672 фудбалер на Ф.К"Маџари" се казнува со забрана на играње на 2 (два) првенствен или куп натпревар.
2 Казната тече од 03.11.2013 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 8 коло на Младинската лига помеѓу :
Ф.К."Маџари Т"- Ф.К."Ринија" одиграно на ден 02.11.2013 година констатира : констатира : Од главниот судија бил исклучен фудбалерот на Ф.К."Маџари" Митревски Христијан ИД.бр.101672 исклучен со директен црвен картон за спречување на акција за постигнување на гол.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 3000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
-Ф.К."Маџар "
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03- 8/ /КАДЕТСКАТА-ПРВА ЛИГА**
**Скопје: 07.11.2013**

Врз основа на член 32 од Правилникот за натпревари на ФФМ , и чл.35 од Пропозиции за млади категори , на седницата одржана на ден 07.11. 2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1 Ф.К"Маџари" се казнува со автоматска парична казна од 30 евра (во денарска противвредност на денот на уплатата)а фудбалерот Митревски Христијан се предава на Дисциплинска комисија.
2 Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 дена од денот на одигрување на натпреварот на жиро –сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД –Скопје.
3 Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 8 коло во Кадетската прва лига помеѓу : Ф.К."Маџари"- Ф.К."Ринија" одиграно на ден 02.11.2013 година констатира : Од главниот судија бил исклучен фудбалерот на Ф.К.Маџари"
Митревски Христијан ИД.бр. 101672 исклучен директен црвен картон за спречување на акција за постигнување на гол.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

**Доставено до:**
-Ф.К."Маџари"
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Младинска комисија

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***